ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
E-mail : snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 963/21**
Дата : **09/04/2021**
Купувач: С. Неделковска
Рок на доставување: **20/04/2021**

**До:**
E-mail :
Број на страни: 4+3

[X] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за набавка на: **девет (9) возила под оперативен лизинг (деловен закуп) согласно спецификацијата дадена во прилог.**

## 1. Инструкција за понудувачите:

### 1.1 Потврда за прием на Барањето понуда и Изјава за учество

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од два (2) работни денови од денот на доставувањето на овој документ, со известување преку E-mail до лицата за понатамошна комуникација:

| | | |
|---|---|---|
| e-mail: | snedelkovska@helpe.gr | 02/2532-330; 078/389-097 |
| cc e-mail: | adimitrievski@helpe.gr | 02/2532-215; 076/221-838 |

## 2. Доставување прашања за појаснување

Прашања и/или барања согласно ова Барање за понуда треба да бидат доставени само во пишана форма (преку e-mail) до лицата за комуникација наведени во точка 1.1.
ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени **истовремено** до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање понуда.

### 3. Предмет на Барањето понуда

Предмет на ова Барање понуда  е склучување на договор за лизинг за следниве возила:

| # | Количина | Модели | Зафатнина на мотор |
|---|---|---|---|
| 1 | 9 | Volkswagen Amarok; Ford Ranger; Toyota Hilux; Toyota Tacoma; Toyota Tundra Mitsubishi L200; Fiat Fullback; Nissan Navara; SsangYong Musso; Isuzu D-Max; Ford Ranger Raptor; Ford F-150; Tesla CyberTruck; Ram 1500; Ram 2500; Chevrolet Silverado; | согласно спецификацијата |

Детален опис на типот на возила, карактеристики, индикативна минимална потребна опрема и условите за обезбедувањето лизинг се дадени во Техничката спецификација (прилог 1) на ова Барање понуда.

**Достапност на возила: Достапни најдоцна до 60 дена од добивањето на потврда (порачка) за избор на најповолен добавувач.**

**Најповолниот добавач/и најдоцна 3 (три) работни дена од приемот на порачката треба да испрати конфирмација на порачката со печат и потпис на одговорно лице и проценет временски рок на испорака на нарачаните возила. Добавувачот ќе направи максимални напорни да го испорача возилото/возилата што е можно побрзо и не подоцна од 60 работни дена од приемот на порачката.**

### 4. Доставување на понуди

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во **надворешен затворен коверт** со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 963/21"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени **два (2) затворени коверти** и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 20/04/2021.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

## 5. Тендерска документација

**5.1 Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават следниве документи:**

- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Р.С.Македонија не постара од 30 дена;
- Изјава од давателот на лизинг, потпишана од овластено лице дека има искуство од минимум 3 години;
- Референтна листа;
- Потпишана изјава од понудувачот за прифаќање на условите и правилата наведени во Прилог 1;

**5.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

**НАПОМЕНА: Наведените цени во понудата треба да ги вклучуваат сите елементи и барања наведени во Прилог 1.**

- Понудата треба да содржи цени изразени во ЕВРА без вклучен ДДВ за:

- набавна цена на секое поединечно возило;
- остаточна (преостаната) вредност на секое поединечно возило. Резидуалната вредност треба да се утврди при добивањето на понудата и не смее да биде променлива за времетраењето на договорот. ОКТА нема да плаќа дополнителни трошоци врз основа на било какви алтернативни претпоставки од страна на давателот на лизинг;
- дополнителни трошоци кои би можеле да имаат влијание врз цената (да бидат посебно наведени како еднократен трошок или дел од месечната претплата);
- вкупно месечно задолжување (претплата) со и без вклучен ДДВ;
- цена за еднократна првична рата исплатена пред добивањето на возилата (изразена во евра без ДДВ);
- цена по километар (km) над и под лимитот дефиниран во договорот;
- **Понудата треба да ги содржи следниве опции:**
  - понуда со сите вклучени горенаведени информации за период од 48 месеци без вклучено осигурување
  - понуда со сите вклучени горенаведени информации за период од 48 месеци со вклучено осигурување
  - Понуда за изнајмување на ист или сличен тип на возила, за период од 1 Мај до денот на достава на возилата

- Цената за вкупното месечно задолжување ќе биде непроменлива за целокупното времетраење на договорот;
- Пресметката на девизниот курс ќе биде согласно официјалниот среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на издавање на секоја поединечна фактура;
- Понудата треба да ги вклучува сите општи и посебни услови и понуди од давателот на лизинг услугите.

## 6. Важност на понудата

Доставените понуди ќе важат за период од три (3) месеци од крајниот рок за доставување понуди.

## 7. Доделување на тендерот

Како резултат на овој тендерски процес, и добиените понуди, најуспешниот понудувач ќе склучи договор за лизинг на возила со ОКТА за период од 4 (четири) години.

## 8. Прилози

Следниве прилози се прикачени на ова Барање понуда и се составен дел на тендерот:

- Прилог I - Техничка спецификација;

**Завршни одредби**

- Со доставување на Понудата, понудувачите се изјаснуваат дека го имаат разбрано ова Барање и се целосно свесни за релевантните барања што се вклучени во овој документ и се одговорни за содржина на нивната Понуда;
- Понудите треба да бидат доставени во затворени, јасно обележани коверти. Понудите испратени на E-mail **нема** да бидат разгледувани;
- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и се одбере најповолниот понудувач;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин, ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

Поздрав,
Симона Неделковска

Менаџер на Набавка,
Александар Димитриевски

## ПРИЛОГ 1

### 1. Спецификација на возилата:

| | |
|---|---|
| Број на возила | 9 (девет) |
| Карактеристики на возилото | Двојна кабина, 5 врати; 5 седишта; Единечен отворен товарен простор со стандардна големина со повеќе од 1.500 mm должина на под; |
| Тип на гориво | Дизел |
| Зафатнина на мотор | 1.9 до 2.5 |
| Менувач | Мануелен |
| Пренос | 4x4 |
| Дозволен товар | До 6.5t |
| Опрема | (1) Греење, Вентилација и Клима уред<br>(2) Со или без тонау гумени покривки на товарниот дел (tonneau cover) |
| Дополнително/ Задолжително | (1) Кука на сите 9 возила<br>(2) Едно возило со опција за инсталација на кровно светло и жолто сигнално светло<br>(3) Сет од алат, опрема за влечење на пат и опрема за промена на гума |
| Дополнителна/Опционална | (1) Опција за инсталирање на опрема за чистење на снег на 2 од возилата, пример на слика 2 долу<br>(2) Вентвизору и дефлектор на прозорци за заштита од бубачки<br>(3) Вградени Патосници тип Хаски или слично (Floor Liner)<br>(4) Странични барови за качување |
| Лизинг период | 48 месеци |
| Нај рано почнување | 01-05-2021 |
| Total km for 4 years | 80.000 KM (20k годишно) |



Слика 1




Слика 2

Дополнителна опрема

- Едно возило со дополнителна опрема, светло на покривот и жолт трепкач (можност за поставување жолт трепкач);
- Едно возило мора да биде во црвена боја;
- На сите возила потребно е да биде дозволено да се залепи одреден натпис, кој ќе биде отстранет при враќањето на возилата;
- Дозвола за поставување на GPS систем за следење од страна на ОКТА и истиот ќе биде отстранет пред враќање на возилата;
- Дополнителни 2 (два) сета на зимски и летни гуми со опција за „хотел за гуми". Промената и балансирањето на гумите да биде вклучено во цената.

## УСЛОВИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

Понудувачите е потребно да доставаат понуда за следните опции наведени во табелата подолу:

| | | |
|---|---|---|
| Понуда за **48** месечен лизинг период, со **стандардна** испорака од 60-120 дена | Понуда за **48** месечен лизинг период, со испорака **помалку** од 60 дена | Понуда за закуп на возила за период од 1 Мај, до испорака на нарачаните возила |

Понудата за месечна лизинг рата (месечна цена) да се даде во две опции, една со, една без осигурување вклучено во понудата.

| | |
|---|---|
| Понуда за месечна лизинг рата со вклучено Одржување, Гуми (хотел, промена, балансирање) и Годишна регистрација на возилото | Понуда за месечна лизинг рата со вклучено Одржување, Гуми (хотел, промена, балансирање) и Годишна регистрација на возилото + Осигурување (Каско, АО) |

**Предложени, но не лимитирачки, брендови и типови на возила:**
Volkswagen Amarok; Ford Ranger; Toyota Hilux; Toyota Tacoma; Toyota Tundra Mitsubishi L200; Fiat Fullback; Nissan Navara; SsangYong Musso; Isuzu D-Max; Ford Ranger Raptor; Ford F-150; Tesla CyberTruck; Ram 1500; Ram 2500; Chevrolet Silverado;

## БАРАЊА ЗА ДОГОВОР ЗА ЛИЗИНГ

1. Понудената цена за  месечна закупнина, покрај закупнината, услугата и гумите, треба да вклучува и помош на патот и услуга за влечење, задолжителна опрема според законот, редовна годишна услуга според минатите милји, заменско возило во случај возилото да е под сервис или се поправа повеќе од 24 часа.
2. Договорот за закуп ќе се состои од заеднички договорени и прифатени услови, како и основни и посебни услови. Се очекува од страна на компаниите даватели на услугата, флексибилност по основ на официјалните стандардизирани формати на договори и нивните измени во согласност со меѓусебните договорни потреби.
3. Договорот ќе биде исклучиво за оперативен лизинг.
4. На крајот на лизинг периодот (по истекот на важноста на договорот), доколку лизинг компанијата одлучи да го продаде вратеното возило, тоа треба да биде првично понудено на ОКТА.
5. Возилата ќе се користат во и надвор од земјата, во зависност од потребите на Корисникот.
6. Ако изнајменото возило има проблеми, кои ќе му наштетат на Корисникот, повеќе од 5 пати во последователен период во првите 6 месеци, тоа возило ќе биде вратено на лизинг компанијата и заменето со ист тип на ново возило, без надоместок за замената.
7. Надоместокот по изминат километар над договорената километража, треба да биде наведен посебно во понудата.
8. ОКТА не треба да обезбедува никакви колатерали за возилата на лизинг.
9. Предвиден амортизационен план пред потпишување на договор. Исплатата ќе биде на точно прецизирана дата во месецот.
10. Лизинг компанијата е согласна и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на Купувачот, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од 5 (пет) работни денови по тој датум. Ако задоцнетото плаќање се случи повеќе од 3 (три) пати последователно месец по месец, ова правило не е опција. За секое задоцнето плаќање, лизинг компанијата може да издаде известување за задоцнето плаќање.
11. По најмалку 3 (три) месеци на неплаќање на вкупното месечно задолжување (претплата), лизинг компанијата може да го преземе возилото, и истото нема да биде под употреба од страна на ОКТА.
12. Осигурувањето Каско, дополнително осигурување на возач и патници и авто одговорност треба да бидат поставени како посебна опција вклучена во месечната цена, ОКТА има право да избере опција со или без осигурување вклучена во лизинг месечната рата.
13. ОКТА ќе биде главен корисник и нема да има "гаранција" или "претставник кој не е директно вработен во ОКТА".
14. Клаузули за раскинување на договорот од двете страни ќе бидат вклучени во договорот.
15. Месечната рата ќе биде фиксна за цело времетраење на договорот.